"ЕВРОПА" – СКОПЈЕ
Ф-ка за чоколади,
вафли и бонбони АД ЦО
Бр. 26 DEC 2018 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- Генерален секретаријат –
бр.4606-11328/9 од 25.12.2018 година
Скопје

Акционерско друштво фабрика за чоколади,
вафли и бонбони ЕВРОПА - Скопје

ДОГОВОР
за набавка на стоки

Скопје, Декември 2018 година

Д О Г О В О Р
за набавка на новогодишни пакетчиња

Склучен на ____.12.2018 година, помеѓу:
1. **Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат**, со седиште на бул.„Илинден„ бр.2. Скопје, претставувана и застапувана од **Д-р Драги Рашковски**, Генерален секретар, во понатамошниот текст: **Договорен орган** и

2. **Акционерско друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони ЕВРОПА - Скопје,** со седиште на ул.808 бр.8, со **ЕМБС 4054016** и даночен број 4030954262848, претставувано и застапувано од Марика Караџова, Генерален директор во понатамошниот текст: **Носител на набавката.**

I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на договорот е набавка на стоки – **новогодишни пакетчиња (количина: 60).**

II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната вредност на набавката на стоките од член 1 од Договорот изнесува **25.043** (со зборови: дваесет и пет илјади четириесет и три) **денари** со пресметан 5% ДДВ.
Единечната цена за 1 пакетче изнесува **417,4 денари** со пресметан 5% ДДВ.

III. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 3

Договорните страни се согласни плаќањето за испорачаните стоки (пакетчиња) да се изврши вирмански, по испорака на стоките од страна на Носителот на набавката, до седиштето на Договорниот орган, Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат бул.„Илинден“ бр.2, Скопје, и по доставување фактура и испратница за извршената испорака, во рок од 60 (шеесет) дена, сметано од првиот нареден ден од приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган.

IV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 4

Носителот на набавката се обврзува да ги испорача стоките-предмет на овој договор во согласност со неговата понуда бр.4606-11328/3 од 24.12.2018 година по завршеното преговарање по истата, а согласно потребите на Договорниот орган, во рок од 2 (два) дена сметано од денот на склучување на овој Договор

V. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 5

Договорниот орган се обврзува да изврши исплата по доставена фактура од Носителот на набавката на начин и рок определени во член 3 од овој Договор.

VI. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 6

Договорот е со важност до исполнување на обврските од страна на двете договорни страни, утврдени во член 4 и член 5 од овој Договор.

VII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 7

Измени и дополнувања на Договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, со Анекс кон договорот потпишан од овластените претставници на договорните страни.

Член 8

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

Член 9

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 3 (три) за секоја страна.

„ЕВРОПА" АД - Скопје

Марика Карацова, Генерален директор

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ

Д-р Драги Рашковски, Генерален секретар

Подготвил: Даринка Јовановска
Контролирал: Анета Стевковска